# ИЗВЕСТУВАЊЕ
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТ (два проценти) ЗА ВРШЕЊЕ НА ТРГОВИЈА НА МАЛО ВО ДЕН НЕДЕЛА И НА ПРАЗНИЦИ КОИ СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗА НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ

Согласно последната објава на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија (Службен весник на Република Северна Македонија бр 150/22), продавниците на бензиски станици во чии рамки се врши трговија на мало претежно со храна, пијалоци и тутун и продавници, киосци и штандови во трговски центри (молови) кои ги исполнуваат минимално техничките услови, за да можат да работат во ден недела и на празници, треба до 5 јануари во тековната година да го пријават работното време на Централниот регистер на Република Северна Македонија (ЦРРСМ). Потврдата од пријавеното работно време издадена од ЦРРСМ за евиденција се доставува до Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за труд.

Продавниците на бензиски станици и продавниците, киосците и штандови во трговски центри (молови) откако ќе го пријават работното време за работа во ден недела и на празници треба до 15 јануари во тековната година, да уплатат надоместок во висина од 2% од вкупниот приход остварен во претходната година. Средствата од уплатата се наменети во Фонд за развој и човечки капитал.

Одредбата за надоместок во висина од 2% ќе важи од 1 јануари 2023 година, а ќе се пресметува на вкупниот приход остварен во ден недела и на празници во 2022 година. **Уплатата на надоместокот треба да се изврши до 15 јануари 2023 година на образец (ПП50), и секоја наредна година последователно на вкупниот приход остварен во претходната година. Следете го теркот на образецот (ПП50)**

Датум на валутата

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

| Налогодавач | Примач |
|---|---|
| Назив на налогодвачаот: | Назив на налогопримачот: Министерство за финансии Скопје |
| Банка на налогодавачот: | Банка на примач: Народна Банка на Република Северна Македонија |
| Трансакциска сметка на налогодавачот: | Трансакциска сметка на налогопримачот: 100000000063095 |
| Даночен/матичен број или ЕМБС: | Износ: МКД |
| Повикување на број (задолжување): | Уплатна сметка: 840 xxx 07839 |
| Цел на дознаката: Уплата на надомест во Фондот за развој и човечки капитал | Сметка на буџетски корисник: |
| Потпис: | Приходна шифра и програма: 725983; Начин: 2 |
| Налог ПП50 | Датум на валута: ; Место: |


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073